# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Третото продолжение на Четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 декември 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,16 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Продолжуваме со работа по 14-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Александар Николовски, Горан Петров, Даут Рееџепи, Фадил Сулејмани, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Радмила Шеќеринска, Јани Макрадули, Игор Ивановски, Горан Мисовски, Љубчо Георгиевски, Јован Манасијевски, Абдулади Вејсели, Оливер Шамбевски, Илинка Митрева, Ристо Пенов и Али Ахмети, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжувме со точката 12 - Интерпелација за работата на министерот за образование и наука господин Сулејман Рушити.

Продолжуваме со претресот.

Процедурално господинот Павле Трајанов.

Повелете, три минути процедурално.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Сакам да искажам незадоволство од постапките на властите на Република Бугарија према шест илјади граѓани, државјани на Република Бугарија кои се обидуваат да формираат политичка партија ОМО-Илинден Пирин.

Постапувањето на полицијата, односно повикувањето на 6.000 граѓани во полициски станици со цел да проверат бугарските власти дали тие се навистина основачи на политичка партија, мислам дека претставува крајно брутелен и недемократски чин.

Во оваа можност сакам да ја повикам Европската Унија, посебно Европската комисија да овозможи европските стандарди, посебно принципите на Копенхашката конвенција да се спроведуваат и во нивната членка Бугарија. Да им овозможи на сите граѓани, слобода на политичко организирање и дејствување, вклучително и слобода на искажување на националната припаднос. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Продолжуваме со претресот.

За збор се пријави Макрадули Јани, но бидејќи тој е отсутен, следниот е госпоинот Алити Рафис.

Повелете, имате збор.

**Рафис Алити:** Благодарам господине Георгиевски.

Почитувани пратеници, дами и господа,

Ние, Коалицијата ДУИ-ПДП кои поднесовме интерпелација за работата на министерот до Собранието, со тоа што во текот на целото време сме обвинети од страна на мнозинството дека опозицијата или пак пратениците од оваа Коалиција вршат опрструкција на работата на Собранието, со тоа што имаат долги дискусии и тн., ние одлучивме мојата дискусија да биде последна дискусија, со тоа што нашата цел или намера не беше да правиме опструкција. Напротив, нашата цел и намера беше и остана да уште еднаш го свртиме вниманието и на јавноста и на ова мнозинство дека патот што го избра да владее оваа Влада не е добар пат. Тоа е погрешен пат.

Ова го велиме затоа што сме сведоци уште од почетокот на работата на Собранието, во овој парламентарен состав, дека не се почитува Уставот, не се почитуваат законите и не се почитуваат процедурите и постапките внатре во Собранието.

Сосема е нормално кога во законодавниот дом, каде што се донесуваат тие закони, не се почитуваат истите, тогаш е сосема природно да проширувањето на оваа појава, да се прошири и во другите институции или установи во државата. Сосема е природно што оваа практика на непочитување на процедурите, на законите и на Уставот се случиле и во Универзитетот во Тетово. Ние, навистина, за целото време очекувавме пратениците од парламентарното мнозинство да ни понудат аргументи дека разрешувањето и назначувањето на новиот ректор е направено врз основа не на некој уставен член. Меѓутоа, никој од вас не понуди аргумент од оваа природа, во оваа насока и да се повика јасно дека Уставот или пак Законот за високо образование дозволуваат и овозможуваат министерот да разрешува ректор на Универзитет, без оглед за кој универзитет се работи, истовремено да назначува на нова должност нов ректор. Барем ние не слушнавме дека некој од вас понуди таков аргумент во оваа насока.

Уште на почетокот во интерпелацијата рековме дека ќе се повикаме на законите, ќе се повикаме на Уставот и бараме објаснување од оваа природа. Исто така, рековме дека нема да се ставиме во заштита на оние кои го повределе законот, оние кои ги повределе универзитетските правила или пак во заштита на оние кои издале дипломи, според кажувањето на Инспекторатот, диплома од Министерството за образование, и ако тоа не е докажано. Значи дека ние нема да се ставиме во одбрана на оние кои ги вршеле тие аномалии од разни природи на Универзитетот во Тетово.

Истовремено во текот на расправата, побаравме ова мнозинство и во овој случај, бидејќи ги има потребните механизми, се знаат патиштата како да се интервенира внатре во Универзитетот и да

се отстранат тие неправилности, за кои што мнозинството или пак господинот Рушити настојуваше да не убеди дека бил принуден да преземе еден таков чекор.

Ќе ве потсетам дека во нашата интерпелација понудивме аргументи, понудивме факти, понудивме и објаснување на претставникот на ОБСЕ, господинот Фуере. Мислам дека на сите им е познато неговото изјаснување во однос на настаните, во однос на Државниот универзитет во Тетово.

Исто така, понудивме и изјаснување од страна на Хелшинскиот комитет, понудивме изјаснување и на Комисијата за борба против корупцијата, но истовремено ќе ве потсетам и на изјаснувањето на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ господинот Груевски, кој рече дека во следниве десет денови ќе се разјаснат околностите со разрешување и назначувањето на ректорите на Тетовскиот универзитет. Сите сме сведоци дека не во овие десет дена, туку тоа нешто не се случи ниту до сега. Владата не најде за упатно, ниту оправдано да даде едно изјаснување во оваа насока. Барем господинот Груевски, кој ја сноси одговорноста за создадената ситуација било на Тетовскиот универзитет или на други институции во државата, затоа што ние сме длабоко убедени дека со негов благослов и со негова наредба е интервенирано и во оваа институција или установа. Сигурно дека без негово знаење не можело да се интервенира.

Истовремено, за да не биде јавноста измамена, ние барем, кои што ги знаеме околностите во Тетовскиот универзитет, не само што сме длабоко убедени, туку ние веруваме во интелектуалните сили, академските сили внатре во овој Универзитет, дека тие ќе знаат и дека тие сакаат и имаат обврска овој Универзитет да го водат кон она што било тежнеење или пак цел на основачите на оваа институција или установа. Овој Универзитет да биде, исто така, или пак еден ден да стане храм на знаењето.

Го велиме ова, затоа што сите интелектуалци кои, академски интелектуалци, кои предаваат во Тетовскиот универзитет и во другите универзитети имаат морална обврска било пред населението, пред студентите и пред оние кои што ги даваат тие материјални средства, да оваа институција или пак друга некоја институција ја насочат кон таа насока да и ние народите од Балканот, или пак ние кои што живееме во Република Македонија да се натпреваруваме со другите народи, да се натпреваруваме врз основа на вредностите, знаењето и тн.

Доколку целта, или намерата на ова мнозинство беше порано**,** зборам за порано, да не се официјализира овој Универзитет и доколку тоа им беше целта и доколку и понатака е нивна намера да ова дејствување, значи да се затвори овој Универзитет, тогаш повторно ви велам дека ние сме длабоко убедени дека интелектуалните сили на тој универзитет, тие кои што ги жртвуваат своите материјални добра, години со ред, за да го одржат во живот тој Универзитет нема да дозволат едно такво нешто.

Ние, истовремено, следејќи ги вашите дискусии како мнозинство, се убедивме уште еднаш, во тоа што го реков на почетокот, дека вашиот пат е непочитување на процедурите, вашиот пат е непочитување на законите и вашиот пат е непочитување на Уставот. И, ние, како парламентарна група, или пак како коалиција ДУИ-ПДП, ниту ќе ја побараме, гледајќи го вашето расположение, значи нема ниту да побараме да вие ја поддржиме оваа интерпелација која што ја поднесовме ние до Собранието. Затоа за многу работи е сосема и природно како ќе се одвиваат работите во Државниот универзитет во Тетово, одговорноста ќе падне врз вас. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави Незири Сафет.

Процедурално, повелете.

**Сафет Незири:** Господине претседателе, барам од вас, во текот на вчерашниот ден, еден наш колега, дискутант, се потруди на разен начин да ме демантира со аргументите кои ги понудив јас за Основното училиште во општина Желино, каде, според сите законски членови и одредби за основните училишта и локалната самоуправа е направено на незаконски начин назначувањето на директорката на ова училиште од страна на господинот министер Рушити. А јас нагласив и го кажав тоа и вчера дека кандидатот кој е назначен за директор не ги исполнува законските услови, со тоа дека има завршено Педагошки факултет-предшколска група. Додека со Законот за основни училишта не е предвидено, доколку кандидатот има завршено Претшколска група, не може да биде назначен директор на основно училиште , туку може да биде директор само на градинки и јасли.

И, поради ова јас имам копија на една диплома за завршувањето на кандидатот Сермиете Елези, која е назначена од министерот како директор и барам од вас службите да го фотокопираат ова и да се раздели на сите пратеници. Ако нема дискутанти би побарал од вас, по можност, да имаме една кратка пауза, се додека се распредели ова уверение и да го прочитаат овој аргумент. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Немам ништо против службите нека го земат уверението и нека го умножат.

За пауза не знам, имаме уште еден за збор.

Алити Рафис, вие се јавивте за збор господине Алити. Процедурално.

**Рафис Алити:** Ние бараме 30 минути пауза, затоа што имаме пратеници кои што учествуваа во работата на комисиите. Затоа, очекуваме тие да се вратат на седница

**Љубиша Георгиевски:** 15 минути пауза.

**Рафис Алети** Не, малку е 15 минути, барем половина час ни е потребен, затоа што имаат службени средби со претстатвници од надвор.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор министерот и бидејќи после нема други ќе дадеме пауза.

Има збор министерот.

Јас ќе го заклучам претресот и ќе дадеме пауза, оти ќе ни треба паузата и за кворум, евентуално.

Се согласуваме така?

Значи, има збор министерот, потоа заклучуваме, одиме на пауза, се враќаме да гласаме.

Добро, повелете господине министре.

**Сулејман Рушити:** Само кратко, се извинувам.

Јас не знам за дипломата, но би сакал службите да ја достават дипломата на Сермиете Елези, бидејќи јас имам Уверение за положен испит за директор на училиште. И, мислам дека вчера беа доставени до сите. Ова Уверение е дадено на 18.07. 2006 година. Тоа значи дека некој друг пред мене бил министер за образование.

Значи, ние се повикуваме на документи и факти, а не на зборови кои, ако се утврдува тоа значи дека треба уште една процедура да видиме како е добиено уверението и да видиме како се добиени и сите други уверенија на постојните директори во училиштата. Значи, баш би сакал да имам такви информации и да видиме кај сме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ако ве разбрав добро министре, саката и ова да се циркулира? И ова уверение да се циркулира или е добиено.

Добиено е. Добро.

Незири Сафет, реплика на министерот или процедурално? Реплика.

Повелете, реплика 3 минути.

**Сафет Незири:** Ви благодарам.

Нема да биде реплика од негативен аспект, туку ќе биде репликата во смисла на тоа за да расчтиме неколку работи.

Јас не знам, поставувам едно прашање. И тоа едноставно прашање. Како може на пример еден министер, кој не ги има комплетирано документите и нема доволно информации и врз ова уверение кое ќе се даде, им се распредели на пратениците, има донесено една одлука за назначување на директор. Како и да е, добро е и министерот го бара тој документ и овој аргумент со кој ќе се анализират и понатамошните чекори околу назначувањата и можеби кршењата на законот. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави Алити Рафис. Реплика или...

Министерот има ли конр реплика?

Нема контра реплика.

Господине Алити, процедцурално. Така? Три минути. Повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Мислам дека ќе биде доволно и една минута.

Мојата процедурална забелешка е во однос на документот кој што го понуди заменик координаторот, пратеникот на Коалицијата Сафет Незири, да се подели пред да гласаме за интерпелацијата. Значи, тоа е тоа што го барам процедурално, што значи пред да се гласа, документот да го имат сите пратеници. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** А колку што јас разбрав, тој токумент е оној, што вчера го поделивме веќе. Друг ли е? Добро.

Во принцип ова Собрание никогаш не би требало да има ништо против мултипликација на документи, затоа што колку подобро сте снабдени со информации, со документи, подобро ќе расудуваме сите.

Благодарам, пауза од половина час. Повелете.

**Благородна Дулиќ:** Господине претседателе,

Сметам дека ова дополнително прашање за директорката што е назначен во определеност училиште, не е во комплексот на интерпелацијата и сметам дека ова прашање треба да остане за пратенички прашања на седницата која што за таа цел ќе биде закажана.

**Љубиша Георгиевски:** Ако некој бара да се мултиплицира, нека се мултиплицира штом има било каква и најмала врска со темата за која заседаваме.

Според тоа, нека тоа се умножи, нека се подели.

Пауза половина час.

Процедурално повторно, односно реплика на процедуралната интервенција на Благородна Дулиќ, повелете.

**Рафис Алити:** Навистина се чудам како еден правник, со толку големо искуство се труди или суди на овој начин, како што предлага госпоѓа Дулиќ, пратеникот. Ние треба добро да размислиме во оваа сала дека ваквите произнесувања, каде не водат тие? Доколку се понуди еден документ за тоа, кој е назначен за директор, на што се повикуваме во нашата интерпелација дека е прекршен Законот за локална самоуправа, пратеникот сака да ни наметне своја логика дека тој документ да не биде дел од интерпелацијата.

Тогаш зошто ги нудиме ние нашите докази? Дали ова мнозинство сака да знае и дали е заинтересирано за работите на своите министри, како управуваат со своите министерства? Или - го избрале слепиот пат, што сакаат нека прават министрите, а во оваа сала мнозинството ќе ги оправда истите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Пауза половина час.

(Пратениците отидоа на пауза во 12,39 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,16 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам претениците да влезат во салата, да си седнат на своите места, ќе продолжиме, паузата заврши.

Ве молам за тишина.

Пред да преминеме на гласање ве известувам дека интерпелацијата се смета за прифатена ако за неа гласале мнозинство од вкупниот број на пратеници.

Интерпелацијата за работата на министерот за образование и наука господин Сулејман Рушити ја ставам на гласање.

Ве молам да бидеме малку потивки.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 84 пратеници, за интерпелацијата гласале 29, воздржани 2, против 53 пратеници.

Констатирам дека Собранието не ја прифати интерпелацијата за работата на министерот за образование и наука господин Сулејман Рушити.

**Минуваме на точка 13 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за соработка во областа на културата, меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот.

Се извинувам, повелете.

Има збор господин Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Благодарам.

Бидејќи задоцнив, значи се јавив малку подоцна затоа што очекував претседателот на Комисијата која што беше определена како известител од Комисијата за оваа точка, затоа и доцна се јавив. Меѓутоа, сепак барам збор за да нагласам неколку реченици или зборови околу значењето на овој договор.

Значи во име на парламентарната група на ДУИ и ПДП јас сакам да го поздравам заокружувањето на една завршена работа уште од порано, работа која што донесе до потпишувањето на овој Договор или на оваа Спогодба за соработка во областа на културата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија нешто што официјализира и досегашната прекрасна соработка меѓу граѓаните, институциите, органите и другите аспекти на цивилното општество меѓу Република Македонија или на Република Македонија и на Република Албанија.

Ја користам приликата да побарам или да ги утврдам можностите што ги дава оваа Спогодба и да бараме од сите институции и разни органи кои ги третираат културните прашања и се бават со култура максимално да ги искористат можностите кои ги нуди оваа спогодба и на овој начин да се зајакне, зголеми нивото на соработка и институционалното ниво на културните размени со прашњата кои ги предвидува Спогодбата и на овој начин да се збогати размената на културните вредности кои се многу заеднички, има и разлики за кои вреди да се направи таа размена.

Мислам дека вреди за афирмација на Република Македонија, за градење на меѓусебниот капацитет, за регионална соработка и размена и како таква верувам дека ќе им служи и на Албанците кои живеат во Република Македонија, но секако и на Албанците во Албанија. На тој начин и тие да ги потврдат своите вредности и да комуницираат на институционален начин. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Процедурално претседателе, јас ве молам да обезбедите присуство на претставници на Владата по повод ратификациите, заради тоа што се доведуваме во ситуација пратеници да дискутираат за ратификациите, а да немаме претставници од Владата.

Согласно Деловникот, претставници на Владата би требало да бидат присутни кога дискутираме за нивните точки на дневен ред.

**Љубиша Георгиевски:** Поканети се, некаде ги видов, но не знам каде се.

Пауза 10 минути да видиме што се случува.

(Пауза од 13,24 до 13,35 часот)

Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Ве молам за тишина, продолжуваме со работа.

Има збор Теута Арифи, повелете.

**Теута Арифи:** Ви благодарам.

Сакам накратко уште еднаш да го поздравам овој закон за ратификација на оваа Спогодба, уште повеќе кога со оваа спогодба се уредува една соработка која до сега и така се развиваше на еден висок степен.

Исто така еден од значајните елементи на оваа спогодба е прашањето на соработката и создавање простор за да градиме и за да го шириме и афирмираме културното наследство на граѓаните од двете земји и истовремено аспектот на културните разлики на разните етнички заедници кои живеат во двете земји.

Поаѓајќи од фактот дека културната соработка е еден од клучните елементи која треба да ја развие соработката помеѓу народите и државите од Југоисточна Европа или од Западен Балкан, сметам дека што повеќе спогодби во областа на културната соработка кои ги ратификува овој Парламент ќе биде голема предност за да градиме силни мостови во изградбата на стабилноста и културата во регионот. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за соработка во областа на културата, меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 75 пратеника од кои 73 за, нема воздржани, против 2 пратеника.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 72 пратеника, сите гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 77 пратеника, сите 77 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата за соработка во областа на културата, меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија.

**Минуваме на точка 14 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Молдова за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Молдова за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 77 пратеника, сите 77 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 76 пратеника, сите 76 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, сите 71 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Молдова за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал.

**Минуваме на точка 15 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за оружје со заслепувачки ласер (Протокол ИВ од Конвенцијата за одредени конвенционални оружја ЦЦЊ), со предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Претседателе, процедурално морам да интервенирам заради тоа што по овој Предлог повторно немаме претставници од страна на Владата.

Ве молам да ги обезбедите, па потоа да продолжиме со расправата.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, во тој случај давам пауза за ручек до 15,00 часот, во 15,00 часот ќе продолжиме.

(Пратениците отидоа на пауза во 13,45 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,15 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Со оглед на тоа дека имаме едно форс маџор во отсуство на претставникот на Владата и од одбраната и од надворешните работи се отсутни, имаме една вест дека за 20 минути ќе пристигне еден од веќе премиерите Живко Јанкуловски и мислам дека е добро да причекаме уште 20 минути.

Според тоа давам 20 минути пауза.

Ве молам со се сите мои извинувања што искрсна ваков проблем. Ве молам имајте трпение за тоа.

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,40 часот).

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Се извинувам за продолжувањето на паузата, бидејќи поголемиот дел од министрите, претставници на Владата, беа спречени да дојдат поради обврски и поради патувања во странство.

Значи, продолжуваме со работа.

Има збор господинот Азис Положани.

**Азис Положани:** Ова ќе биде моја процедурална забелешка.

Господа пратеници, не може, а да не реагираме на ваквата состојба и неусогласеност на Парламентот во однос на претставниците на Владата. Од 14,45 часот, чекаме тука претставници од Владата. Неколку пати се одложи одржувањето на седницата. Мислам дека тоа е непримерно однесување на членовите на Владата. Тие кажуваат дека работат и дење и ноќе, а со ова денеска што го направија, со оваа неусогласеност и понижување на претставниците на Парламентот, значи на пратениците, мислам дека е сосема непотребен, неприфатлив чин за осудување. Нека не работат многу ноќе, нека не удостојат тука дење и да ги завршиме работите како треба. Инаку, непримерно е опозицијата да чека повеќе од претставниците на Владата и со тоа да се докаже кога се сака и спротивното. Ова е нешто што навистина, не требаше да се случи, нешто за нас неприфатливо и за што оВладата само докажува колку го почитува Парламентот, а сите ние докажуваме кој кого го контролира, или како работи демократијата овде во Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Положани. Ќе ја имаме предвид оваа процедураклна забелешка. Јас се извинив.

Продолжуваме.

Има збор госпоѓа Роза Топузова-Каревска.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам.

И јас исто би реагирала процедурално. Не се работи за тоа дали вие ќе ја уважите, или не забелешката на почитуваниот колега, кој пред малку интервенираше процедурално. Се работи за почитување и непочитување на Деловникот.

Имено, исто реагирам на несериозниот однос на предлагачите на законите, кои што не се во салата, кога пратениците треба да расправаат и Парламентот треба да одлучува по истите закони.

Во меѓувреме, сакам да ви го прочитам членот 79, каде што стои кога може да има прекин седницата и како се прекинува. Не би ви го читала целиот член, но би кажала дека може да се прекине и заради отсуство на предлагачот и покрај другото што овде е наведено, вели, го читам член 79 и поради отсуство на предлагачот, односно претставник на предлагачот, актот или материјалот, што беше во случајот и токму поради тоа имавме прекин на седницата, но понатаму вели во следниот став. Времето за продолжување на прекинатата седница го определува претседателот на Собранието, не подолго од еден час.

Почитувани полеги пратеници, мислам дека ние сега не можеме технички да ја продолжиме оваа седница. Значи, имавме прекин кој што траеше подолго од еден час. Меѓутоа, доколку се продолжи со работата на оваа седница, тоа би го сметала за грубо кршење на Деловникот, како што многу пати и досега ни се случувало.

Се надевам, дека овој пат нема да се повтори тоа и сега тука би требало да се прекине седницата и да продолжиме утре. Благодарам.

**Бесим Догани:** За процедурално се јави Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Почитуван потпретседателе дами и господа пратеници,

Сакам да го искажам незадоволството на пратеничката група од СДСМ, бидејќи често пати досега од работата на овој парламентарен состав, посебно последните денови се претставуваше опозицијата како кочничар на работата на Владата, па дури и на Собранието. Сега, македонската јавност е убедена дека самата Влада е кочничар во однос на донесување на одредени законски решенија. Дотолку повеќе што денеска навистина, пратениците и овој парламентарен дом го направивме во инструмент на Владата и неколку часови изгубивме драгоцено време за работата за која требаше да бидеме ефикасни во Парламентот, заради неможноста, или патувањата на претставниците на Владата.

Мислам дека ова е несериозен обид и работа на Владата и тука не можам ништо да кажам, освен жестоко да протестирам ваквите работи да не се случуваат во иднина и да не губиме време и да ги прекинуваме седниците, само заради тоа што некој од претставниците на Владата не нашол за сходно да одвои дел од своето време да присуствува на седницата, која што му е обврска. Малку поодговорно нека се однесуваат спрема овие кои што ги избрале и ги довеле на овие функции. Благодарам.

**Бесим Догани:** Иако јас го упатив должното извинување кон вас, заради тоа што претставниците на Владата беа спречени заради нивни активности и дека патуваат, сепак, ги уважувам вашите забелешки по член 79 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија и тука ја прекинувам денешната седница. Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,45 часот)